**20261993210**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 43/26), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА СИПАНИЦИ КАЈ ОВЦИ И КОЗИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА РОМАНИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни заради заштита од внесување на вирусот на сипаници кај овци и кози во Република Северна Македонија по потекло од Република Романија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 130/25, 159/25, 105/26 и 188/26), членот 1 се менува и гласи:

„Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на сипаници кај овци и кози се забранува увоз и транзит во Република Северна Македонија на живи домашни и диви овци и кози, семе, јајце клетки и ембриони од домашни и диви овци и кози кои потекнуваат од следните региони во Република Романија:

- округ Тулча/Tulcea;
- округ Јаш/Iași;
- округ Валча/Vâlcea;
- округ Браила/Brăila;
- округ Константа/Constanța и
- округ Горж/Gorj.“.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02 – 2953/1
24 август 2026 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.